Александар АПОСТОЛОВ

# НЕОБЈАВЕНИ ДОКУМЕНТИ — ПОВОД ЗА ПОРТРЕТ НА Д-р БРАНИСЛАВ ЃУРЃЕВ — РЕВОЛУЦИОНЕР КОМУНИСТ, ПЕДАГОГ И НАУЧНИК

## I

Повод за овој мој прилог кон биографијата и револуционерната активност на академикот на Академијата на науките и уметностите на Б и Х, универзитетскиот професор д-р Бранислав Ѓурѓев, се документите што се однесуваат на него и што се издадени од највисоки државни установи на Кралството Југославија. Овие документи претставуваат всушност преписка меѓу Министерството на внатрешните работи на Кралството Југославија, Министерството на просветата и Министерството на надворешните работи во 1938 година. Од содржината на овие документи читателот ќе може да разбере за што станува збор и затоа сметаме дека е најдобро веднаш да ги приложиме. Тие се напишани на српскохрватски јазик, а се чуваат во Архивот на Југославија во Белград, во фондот на Министерството на просветата на Кралството Југославија, во фасциклата „строго поверливи акти“. Тука ги објавуваме преписите од овие документи.

## II

КРАЉЕВИНА ЈУГОСЛАВИЈА
МИНИСТАРСТВО УНУТРАШЊИХ ПОСЛОВА
ОДЕЉЕЊЕ ЗА ДРЖАВНУ ЗАШТИТУ I
Пов. бр. 9932
7 марта 1938 године
Београд

ПРЕДМЕТ: Бурђев Бранко, дипломирани филозоф — саопштење

МИНИСТАРСТВУ ПРОСВЕТЕ
— КАБИНЕТ —

Пре извесног времена су власти дошле до писма упућеног једној особи од Бурђева Бранка, дипломираног филозофа, које је писмо послато из Француске.

Тражене су информације од надлежних власти за именованога, па је Кр. Банска управа у Новом Саду известила, да је Ђурђев Бранко, рођен 1908 г. у Сремским Карловцима, дипломирани филозоф, отпутовао као питомац Турске републике 13 новембра прошле године за Анкару.

Уједно је извештено ово Министарство, да се Ђурђев Бранко води у евиденцији комуниста од године 1935, када је био као комуниста у Београду за време студија под кривичном истрагом и у притвору. Он се је и у последње две године, боравећи у Перлезу, среза петровградског истицао као комуниста, па је образовао у истоме месту и Омладински културни покрет, која је организација због свог комунистичког деловања од стране надлежних власти распуштена.

Иако је именовани темељито сумњив због комунизма био је одлуком Мин. просвете П. бр. 43998 од 13 новембра прошле године одређен за питомца Турске републике у Анкару за последњу школску годину, о чему је приложио уверење, кад је добио путну исправу за Турску.

На тај начин је Ђурђев са својом женом Розалијом 26 новембра прошле године напустио нашу земљу.

С обзиром на то, да пре издања наведене одлуке Министарства просвете нису тражене информације за Ђурђева Бранка од његових надлежних управних власти, а како је исти закључујући из писма које је сам упутио из Француске сада — у Француској, а не на усавршавању у Анкари, Министарству унутрашњих послова је част упознати са предњим Министарство просвете ради надлежног поступка.

Министарству унутрашњих послова, је уједно част напоменути, да постоји оправдана сумња, да је Ђурђев Бранко искористио дозволу свога боравка и одласка у Турску те исту злоупотребио па отишао као и многа друга лица комун. оријентисана у Француску а одавде у Шпанију.

Министарству унутрашњих послова је уједно част замолити Министарство просвете за детаљније податке, како је дошло до слања због комунизма сумњивог лица као што је Ђурђев Бранко за питомца Турске републике.

По наредби
Министра унутрашњих послова
Начелник,
(Потпис нечитак)

МИНИСТАРСТВО ПРОСВЕТЕ
КРАЉЕВИНЕ ЈУГОСЛАВИЈЕ
Опште одељење
I. пов. бр. 174
12 марта 1938 године

Министарству унутрашњих послова
— Одељењу за државну заштиту I —

У вези тамошњег акта Пов. I. бр. 9932 од 7 марта о.г., а који се односи на Ђурђева Бранка, дипломираног филозофа, част ми је дати овај одговор:

Министарство просвете под П. бр. 38652 од 13 октобра 1937 године расписало је конкурс за 2 стипендије за школску 1937/38 годину за стипендисте Министарства просвете Турске републике у Анкари. За ове стипендије могли су молити југословенски држављани, који су свршили филозофске или и правне науке наших универзитета или су редовни студенти виших семестара ових струка, па се желе усавршити у својој струци са нарочитим обзиром на познавање турског језика, књижевности и историје.

Молби је требало приложити ове исправе:

1) крсни лист,
2) сведоџбу о држављанству,
3) уверење о имовном стању,
4) уверење о студијама,
5) исправе о студијама,
6) стручно мишљење професора под чијим је вођством радио,
7) curiculum vitae,
8) лекарско уверење,
9) уверење о војној дужности,
10) изјаву да ће се подвргавати условима стипендије,
11) фотографију, и
12) уверење о владању.

На овај конкурс јавио се молбом и Бранислав Ђурђев, дипломирани студент филозофије. Исти је поднео сва потребна документа, а сем тога њега су писмено топло препоручили професори Универзитета г.г. др Ћоровић, др Виктор Новак, др Ф. Барјактаревић и Васиљ Поповић. Комисија која је била образована одлуком г. Министра просвете са задаћом да изврши избор двојице стипендиста и стави предлог г. Министру, сложила се у том да предложи као једнога од двоје кандидата и Ђурђева Бранислава. Тако је одлуком П. бр. 43998 од 12 новембра 1937 године Ђурђев Бранислав изабран за питомца Владе Турске Републике у Анкари за 1937/38 годину. О томе је извештено Министарство иностраних послова с молбом да извести Министарство просвете Турске Републике у Анкари и Ректорат Универзитета у Београду. У архиви се више не налази уверење о владању, као ни остала оригинална документа, јер су иста враћена Ђурђеву ради вађења пасоша. Према томе не може се сада дати аутентичан текст уверења о владању, али се може претпоставити да је исто било исправно и позитивно, пошто Комисија није у том погледу ставила никакву примедбу. Упада у очи да је исти имао уверење о владању које свакако било је позитивно. Међутим се у Вашем акту тврди да се Ђурђев Бранко води у евиденцији комуниста од 1935 године, кад је био у Београду, за време студија под кривичном истрагом и у притвору. Према томе ако је својој молби био приложио уверење о владању издатом у Београду, оно није било тачно. С друге стране, ако је имао издато уверење о владању од Краљевске банске управе у Новом Саду, опет није било тачно, јер се у Вашем акту тврди да је последње две године боравио у Перлезу, среза петровградског, где се истицао као комуниста.

Обзиром на уверење које је било приложено молби, као и на препоруке које су писмено дали горе наведени професори, Министарство просвете није сматрало потребним да тражи и нека друга уверења. Међутим, пошто се из Вашег акта види, да се Бурђев не налази у Анкари, него у Француској, ово је Министарство под горњим бројем и данашњим даном умолило Министарство иностраних послова да затражи извештај о томе и од нашег Посланства у Анкари, како би се могла донети нова одлука.

По наређењу Начелника
Општег Одељења
шеф
Рачунско-економског отсека
17-III-1938
П. (презиме нечитко)

По наређењу Министарства просвете
начелник Општег одељења
(потпис нечитак)

МИНИСТАРСТВО ПРОСВЕТЕ
КРАЉЕВИНЕ ЈУГОСЛАВИЈЕ
Опште одељење
I пов. бр. 174
12 марта 1938 године
Београд

Министарству иностраних послова

Одлуком г. Министра просвете П. бр. 43998 од 12 новембра 1937 године додељена је стипендија Владе Турске Републике у Анкари за школску 1937/38 годину Бурђеву Бранку, дипломираном филозофу Универзитета у Београду, о чему је то Министарство извештено под. П. бр. 43998 од 13-XI-1937 године.

Министарству просвете част је умолити Министарство иностраних послова, да изволи прибавити извештај нашег Посланства у Анкари дали се именовани сада налази у Анкари као стипендиста Турске Владе.

По наређењу Начелника
Општег одељења
шеф
рачунско-економског отсека
17-III-1938

По овлашћењу
Министарства просвете
Начелник Општег одељења
(потпис нечитак)

**I пов. бр. 281 од 12 априла 1938 године:**

Министарство иностраних послова под. Пов. бр. 6453 од 6-IV-1938 год. — извештава у вези акта I бр. 43998 од 13-XI-1937 године да је студент Бурђев Бранислав уписан на први семестар Филозофског факултета Универзитета у Цариграду, а студент Филиповић Недим уписан је у седми семестар истог Универзитета на отсек за туркологију

— НЕРЕШЕН — г. Јанковић

**I пов. бр. 334 од 3 маја 1938 године:**

Министарство иностраних послова под пов. бр. 7950 од 30-IV-1938 године — извештава да су у смислу постигнутог споразума између наше и турске државе за размену студената одређене две стипендије од 75 турских лира за два југословенска студента који су уписани на Универзитет у Цариграду.

— НЕРЕШЕН — г. Јанковић

## III

Од содржината на писмото што го упатило Министерството на внатрешните работи на Кралството Југославија до Министерството на просветата може да се разбере дека Бранислав Ѓурѓев требало во 1938 година да се наоѓа на студиско изучување на турско-османскиот јазик и литература на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Анкара. Како што стои уште во првата реченица на писмото, Бранислав Ѓурѓев божем упатил писмо од Франција „до некое лице“ во Југославија, кое писмо дошло во рацете на органите на внатрешните работи на Кралството. Збунети од „фактот“ што лицето Б. Ѓурѓев, наместо да се наоѓа на специјализација во Турција, се јавува од Франција, преку која југословенски доброволци нелегално оделе во доброволечките интернационални бригади за да му помогнат на шпанскиот народ во одбрана на својата република од фашистичките домашни и странски агресори и збунети од сознанието дека еден комунист, познат како таков на органите на внатрешните работи на Кралството Југославија, добил стипендија за специјализација во Турција, службениците од „Одделението за државна заштита“ при Министерството на внатрешните работи ја започнуваат оваа преписка. Тие бараат од Министерството на просветата на Кралството Југославија да објасни како дошло до тоа на Бранислав Ѓурѓев да му се додели стипендија од турската влада и тој да појде на специјализација во Турција.

Натамошниот тек на преписката веќе ни е познат од приложените документи. Она пак што сакаме на ова место да го одбележиме и истакнеме тоа се бројните грешки, заблуди и неточности што ги содржат овие „поверливи“ документи издадени од надлежни установи од највисок ранг во Кралството Југославија. Со тоа сакаме да им обрнеме внимание особено на помладите научни работници кои се занимаваат со научно истражувачка работа дека се должни кон секој документ да се однесуваат со нужна претпазливост, критички да го споредуваат со други современи документи со слична или иста тематика (ако такви постојат), со искажувања на современици, свидетели или актери (ако такви се живи) и дури тогаш да се користат податоците за науката што односниов документ ги нуди како автентични. Така и ние постапивме во овој случај.

Сакајќи точно да установиме дали Бранислав Ѓурѓев бил во Франција во 1938 година без знаење на тогашните југословенски власти, му се обративме со писмо во прилог на кое му ги испративме и преписите од документите што се однесуваат на него и што тука ги приложивме. Одговорот на професорот Ѓурѓев е мошне исцрпен, и заради некои важни моменти што се во врска со документите ги ставаме на увид на читателот тие места од неговото писмо.

„Што се однесува до актите чии што преписи ми ги испрати ретко сум видел официјален акт што има на така мал простор толку непроверени податоци, а при тоа установите што ги даваат тие податоци располагаат со документација . . ."

„Не сум бил во тоа време во Франција туку во Турција, како што тоа се гледа од одговорот на Амбасадата (Министерството на просветата не знае дека во Анкара беше амбасада, а не посланство), односно од одговорот на Министерството на надворешните работи. Но тоа не е така страшно, бидејќи наводно „едно лице", примило писмо од мене „што било испратено од Франција" . . . Нешто тука сигурно има, но јас не знам да објаснам."

„Многу повеќе се чудам на другите податоци што се однесуваат до мене. Во тој акт е точен само податокот дека сум основал во Перлез организација на Младинско културно движење, но не е точно дека во март 1938, имало веќе две години како сум „престојувајќи во Перлез, Петровградска околија, се истакнувал како комуниста", бидејќи од јуни 1934 година престојував постојано во Перлез и дејствував сè до моето преминување во Белград во октомври 1937 година.[1]) А и порано дејствував во Перлез во време на распустите. Не е точно дека во 1935 година, во време на студиите сум бил под кривична истрага во Белград. Јас дипломирав во 1934 година. Точно е дека сум бил под кривична истрага и во притвор во 1930 година. Тогаш сум изведен пред Државниот суд за заштита на државата во групата на Иван Грбиќ."[2])

[1]) За революционерната активност на Ѓурѓев во Перлез види: Радивоје Перц, Светионик на Дунаву, Нови Сад, 1959, с. 12—15.

[2]) Како доказ за ова обвинување постои во Архивот на Србија, Белград „Оптужница" од државниот обвинител при „Државниот суд за заштита на државата" А. Уцовиќ, под Д. Т. Бр. 51/80 врз 9 „Затвор" од 21 октомври 1930 година во Белград, во којашто „Оптужница" се обвинува „групата на Грбиќ Иван" што ја спомнува Ѓурѓев, а која група се состои од 9-мина обвинети за комунистичка активност. Меѓу нив, како IX-ти по ред, е обвинет и Бранислав Ѓурѓев, врз основа на параграфот 7 од „Законот за Државниот суд за заштита на државата". Од преписот на овој обвинувачки акт за Ѓурѓева го читаме следново на страница 18 и 19:

„Ад. IX. Обвинетиот Ѓурѓев Бранислав на сослушувањето кај полициските власти признава дека бил член на ќелија (основна организациона единица на КПЈ во тоа време — А. А.) во која бил прочелник

„Втор пат сум бил во притвор и под истрага во Белград кон крајот на мај или во првата половина на јуни со група студенти по демонстрациите (тие демонстрации и моето учество спомнати се во книгата на М. Лалиќ „Зло пролеќе").[3])

„Податоците за мене во овој акт, очигледно не ги дала Управата на градот Белград, туку Кралската бановинска управа во Нови Сад, спрема својата евиденција. Оваа, изгледа, водела евиденција за мене од 1935 година. Тогаш почна во Војводина да ме повикува полицијата и да ме сослушува за разни акции. Ова изгледа некој чиновник (веројатно во Министерството, а не во Банската управа), скратувајќи ги добиените податоци, ги измешал годините на евиденцијата во Бановинската управа со годините кога бев во истрага во Белград."

---

Грбиќ Иван. Од членовите на оваа група ги познава Божовиќ Милутин, браќата Миндеровиќ, Николиќ Петар и сега пок. Делиќ Милан.

На сослушувањето во судот (ред. бр. 70) одречува дека бил член на било кое комунистичко здружение. Обвинетите Грбиќ и Горуновиќ Будимир ги познава од Здружението „Прогрес", додека за другите сообвинети, кои се спомнуваат во записникот од неговото сослушување во полицијата, тврди дека воопшто не ги познава. Се брани со тоа дека признанието му било изнудено кај полициските власти, односно дека, откако бил ставен на маки, бил приморан да потпише готов записник.

Оваа одбрана на обвинетиот Бранислав Ѓурѓев не ќе може да се прими ако се земе предвид дека неговото признание потполно се поклопува со исказот на Божовиќ Милутин кај полициските иследни власти. Впрочем, за своето тврдење, дека признанието му било изнудено, не достави никакви докази, па заради таа причина неговата одбрана не може да се прими..."

3) Михаило Лалић, Зло прољеће, „Нолит", Београд, 1958, с. 295—297. Еве што е напишано на страниците на оваа книга за учеството на Ѓурѓев во овие демонстрации:

„Низ прозорецот пак навлеговме во дворот, протрчавме покрај изненадените жандари и на левиот влез, а таму барикадата беше без стража. Ја поминавме, а горе — Ѓурѓев, син на некаков поп, беше завел особена врста на диктатура. Ги ставил пантолоните во чорапите, за да изгледа порешителен, и зел долга сопа во рака — распоредува некаде некого, накострешен, и секого што не го познава го смета за сомнителен."

„Бошко Чемерикиќ се беше веќе скарал со него, и нешто му станало криво та постојано би сакал да се закачи и степа, па намерно вика за да го чуе Ѓурѓев:

„Погледни, те молам, ова чудо! Се заглаватарил, командува, се спрема да го наследи Сталина. Но ако уште еднаш тргне накај мене со онаа негова сопа на власт — да не ти е чудно кога ќе му ја скршам од главата."

„...Сакав да ги смирам, но некако нерешително: и мене ми пречеше Ѓурѓев, како некој слаб артист кој без некоја потреба претерува и не гледа дека со тоа прави штета. Всушност — тоа ни беше прва средба со некоја врста на наша власт..."

„...Редарите, што сами се заредарчиле, влечкаа сопи и боздогани и аркебузи од искршените клупи, стремејќи се што повеќе да му заприлегаат на Ѓурѓев".

Понатаму, писателот Лалиќ во оваа своја книга пишува за некои чиновници од Министерството на просветата што случајно се нашле меѓу студентите, што демонстрираат, па за нив вели:

„Што се однесува до документот што сум морал да го поднесам на Министерството на просветата за учество на конкурсот (за стипендија во Турција — А. А.), јас знам сигурно дека не сум приложил уверение за поведение, а ми се чини дека од мене не бара ниту curiculum vitae. Ниту сум можел да помислам да барам уверение за моето поведение, зошто не би го ни добил. Од 1934 година, кога дипломирав, до април 1939 година не добив служба во просветната струка. Во тоа исто Министерство на просветата постоела евиденција за мене како комуниста. Околу конкурсот и околу доделувањето стипендија сè одеше на брза брзина. Јас не ќе конкурирав ако не ме натераа од Факултетот (Жика Сечански и Васа Чубриловиќ). Јас тогаш бев наставник во приватна гимназија на Радовановиќ и Ѓорѓевиќ. Наставниците (во неа — А.А.) во мнозинство беа комунисти. Во тоа училиште се криваа и агенти на полицијата кои беа без образование и така вршеа контрола. Како сум ја добил стипендијата, навистина тоа е чудо!"

„Откако ја добив стипендијата имав тешкотии со добивањето пасош.

Прво не сакаа во Петровград (сега Зрењанин) да ми дадат пасош. Кога се вратив во Белград, веќе на пат за Турција, во време на моето отсуство гимназијата беше затворена, бидејќи Љуба Радовановиќ е уапсен . . ."

„На прашањето што Министерството на внатрешните работи во тој акт го поставува на Министерството на просветата како дошло до тоа да добијам стипендија за Турција можам да одговорам со нашиот начин на изразување: заради „убудност" (поправо аљкавост) на одговорните лица во Министерството на просветата. Инаку сега е наполно јасно зошто не ми се продолжи стипендијата и за наредната 1938/39 година, и покрај тоа што турската влада сакаше да ми ја продолжи, а Недим Филиповиќ[4]) и јас појдовме во Турција за да останеме две учебни години. Владата на Турција ни ја продолжи стипендијата и преку ваканцијата, и ако на тоа не беше обврзана. На интервенција од Владата на Стојадиновиќ одземена ми е

---

„Ги креваа гласовите, а и ние исто така. Така тоа преминуваше во викотница што се закануваше да премине во бунт, но тогаш ненадејно влезе внатре Ѓурѓев со сопа во раката и наеднаш настана молк. Се искачи на катедрата, ја распетлал кошулата за да му се видат косматите гради, ги пресече со погледот, па рече:

„Се слуша дека полицијата со пожарникарите, со телови и некакви справи, ќе се обидат да ве вадат од овде еден по еден, низ прозорците. Овие луѓе," притоа покажа на стражарите со дрвени сабји, „ќе останат заради тоа тука да го попречат секое ваше спасување. Разбирате ли?"

[4]) Недим Филиповиќ, роден на 7. II. 1915 година, во Гламоч, историчар и ориенталиста, професор на Филозофскиот факултет во Сараево.

стипендијата и јас, некаде во почетокот на декември (1938 година — А.А.), се вратив дома, во Перлез.“

„Во тие акти само Министерството на надворешните работи се служи со точни податоци. Дури и името на мојата жена е неточно, таа не се вика Розалија, туку Розина“, ги завршува своите искази по повод на приложените акти професорот д-р Бранислав Ѓурѓев.

## IV

Она што до тука е речено за Бранислав Ѓурѓев се однесува на периодот од неговата дејност меѓу 1930 и 1938 година. Од други документи со кои располагаме; од неговата биографија и кон неа приложената библиографија на неговите печатени трудови,[5]) како и од личните контакти со него на бројни научни собири, ќе ја одбележиме сосема накратко и неговата активност пред и по годините на кои се однесуваат документите што се повод за овој прилог.

Така, Бранислав Ѓурѓев, е член на СКОЈ уште во 1928 година, а член на КПЈ станува во ноември 1929 година. „Уште во времето на Шестојануарската диктатура 1929 година и Светската економска криза 1930 година, Ѓурѓев беше марксистички поим за сите нас кои пред 1935 година започнавме да се собираме околу УРС и КПЈ во борбата против нараснувачкиот фашизам во Италија, а подоцна 1933, во Германија,“[6]) вели за него Перц Радивој-Павле, првоборец и народен пратеник родум од Перлез. Заради дружењето на Ѓурѓев со селанската сиромаштија во Перлез, тој „како син на угледен свештеник бил трн во окото на селската буржоазија и на кулачките политиканти“.[7])

Заради ваквата своја политичка дејност Бранислав Ѓурѓев не можел да добие служба по завршените студии, туку во Перлез се занимавал со рибарство „како професија“ (три години рибарски помошник, две години регистриран — мајстор-рибар). Организатор е на рибарска задруга во Перлез.[8])

Во март 1939 година Ѓурѓев е поставен за кустос-приправник во Земскиот музеј во Сараево.

Во Априлската војна 1941 година Ѓурѓев е заробен од германските војски и како таков одведен во Германија и до крајот на Втората светска војна бил во војничкиот логор Stalag XB (Sanbostel).

---

5) Весна Мушета-Ашчериħ, Биографија професора д-р Бранислава Ђурђева, Годишњак друштва историчара Б и Х, XX (1972—73), Сарајево, 1974, стр. 295—309.

6) Изјава до Општинскиот одбор на здружението на борците, Перлез, 25 август 1965 г. во Нови Сад.

7) Пак таму.

8) Б. Ѓурѓев, Автобиографија во ракопис.

Од една изјава на еден југословен — воен пленик во истиот логор во кој се наоѓал и Б. Ѓурѓев се гледа дека Ѓурѓев и во заробеништвото продолжува да биде активен антифашиста со видна улога на организатор на антифашистите во логорот.[9])

По војната Ѓурѓев се враќа од заробеништво, и од 1946 година се наоѓа на служба во Земскиот музеј во Сараево.

Од 1950 година започнува наставно-научната кариера на Ѓурѓев на Филозофскиот факултет во Сараево во својство на вонреден професор. Тој, потоа бива продекан и декан на истиот факултет.

Напоредно со дејноста на факултетот, Б. Ѓурѓев го основува Ориенталниот институт во Сараево (1950) и е негов директор. Тој ја одбранува својата докторска дисертација во 1952 година.

Видна е и плодна активноста на Ѓурѓев во друштвото на историчарите. Тој е присутен со реферати речиси на сите југословенски конгреси на историчарите, а неговите настапи со прилози на меѓународни конгреси на историчарите и на ориенталистите се исто така познати. Д-р Бранислав Ѓурѓев е член на Научното друштво на Б и Х, а од 1955—1959 година бил и негов претседател. Редовен е член и на Академијата на науките и уметностите на Б и Х, а од 1968—1971 година и нејзин претседател. Академикот д-р Бранислав Ѓурѓев е дописен член на Југословенската академија на науките и на уметностите во Загреб, на Словенската академија на науките и на уметностите, на Македонската академија на науките и на уметностите и на Црногорската академија на науките и на уметностите. На свое барање Бранислав Ѓурѓев е појден во пензија во 1973 година, но не престанува да одржува настава и да се занимава со наука.

Бранислав Ѓурѓев има бројни одликувања и награди како признанија за неговата револуционерна, општествена, педагошка и научна дејност. Најнова доделена награда на Бранислав Ѓурѓев е наградата на ЗАВНОБИХ — највисока републичка награда за научна и револуционерна работа.

Ете тоа е накратко портретот на д-р Бранислав Ѓурѓев, современ историчар-научник, општественик и револуционер, кој со неисцрпна енергија и огромен вложен труд „per aspera...“ да се вивне до највисоко место на научник со близу 200 трудови во кои челно место заземаат оние за чија научна содржина се користени извори од турските архиви.

---

[9]) Писмо (препис) од Милутин Ѓуричиќ, наставник во Витомирци — Пеќ, упатено до Б. Ѓурѓев на 16. XI. 1953 г.